*Универзитет за туризам и менаџмент*
*Бр. 02-301/1*
*29.07.2014*
*Скопје*

Согласно член 92, точка 1, алинеа 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и согласно член 52, точка 1 алинеа 17 и 144 од Законот за високо образование (Сл.Весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013 и 41/2014), Сенатот на Универзитетот на седницата одржана на 29.07.2014 ја донесе следната

**_ОДЛУКА_**
**_за доделување на титула_**
**_ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР_**
**_на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје_**

1. На **Проф. Д-р Талеб Рифаи,** Генерален секретар на Светската Туристичка Организација (UNWTO), му се доделува титулата ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје , за неговиот посебен придонес за развојот на туризмот во Република Македонија и високото образование во полето на туризмот.
2. Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.
3. Одлуката за доделување на титулата ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР ќе биде во официјална употреба од 29.07.2014 година на Гала седницата на Сенатот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

**ПОЈАСНУВАЊЕ**

Согласно член 92, точка 1, алинеа 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и согласно член 52, точка 1 алинеа 17 и 144 од Законот за високо образование (Сл.Весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013 и 41/2014), Сенатот на Универзитетот на седницата одржана на 29.07.2014, со голема почит кон достигнувањата и разновидната професионална кариера на Проф. Д-р Талеб Рифаи, ја донесе одлуката како што е наведено во воведот на овој документ.

**Проф. Д-р Талеб Рифаи** (Националност: Јорданец. Роден во 1949 во Каиро) е избран за Генерален секретар на Светската Туристичка Организација (UNWTO) на Генералното собрание во Астана, Казахстан, во октомври 2009 и го започна својот четиригодишен мандат на 01.01.2010 година. Претходно ги вршеше функциите привремен генерален секретар на Светската Туристичка Организација од 01.03.2009 и заменик генерален секретар од февруари 2006 до февруари 2009. Г-дин Рифаи има големо искуство во меѓународните и националните јавни служби, приватниот сектор и образованието. Пред да се приклучи на UNWTO, тој беше заменик генерален директор на Меѓународната организација на трудот (ILO). Г-дин Рифаи исто така извршувал повеќе министерски функции во Владата на Јордан: Министер за планирање и меѓународна соработка, Министер за информации и Министер за туризам и антика. Како извршен директор на Цементарата на Јордан, г-дин Рифаи успешно ја водел првата приватизација од поголен обем и реконструкцијата во Јордан во средината на деведесетите години. Други позиции на кои бил се директор на економската мисија во Вашинготн и генерален директор на Корпорацијата за промоција на инвестиции на Јордан. До 1993 година, г-дин Рифаи бил инволвиран во истражувања, предавања и пракса на архитектура и урбано планирање во Јордан и САД. Тој има докторска титула за урбано и регионално планирање од Универзитетот на Пенсилванија во Филаделфија, магистерска титула за инженеринг и архитектура од Институтот за технологија на Илиноис (ИИТ) во Чикаго и дипломирал архитектура на Универзитетот Каиро во Египет.

Г-дин Рифаи како генерален секретар на Светската Туристичка Организација (UNWTO) со голем интерес и заложби преку разни форми и проекти имплементирани преку Светската Туристичка Организација, чиј член е и Универзитетот за туризам и менаџмент од Скопје, активно придонесува за развојот на туризмот во земјата и високото образование во полето на туризмот..

*Доставено до:*
- *Архива;*
- *Именуваното лице;*
- *Генерален секретар на Универзитетот.*

**РЕКТОР**
**Проф. Д-р Аце Миленковски**

Бул. "Партизански одреди" бр.99, 1000 Скопје, Р.Македонија · тел.: ++ 389 2 3093 209 · факс: ++ 389 2 3093 213
e-mail: contact@utms.edu.mk web: www.utms.edu.mk